• Република Македонија •

ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ - СКОПЈЕ

• Republic of Macedonia •

FACULTY OF TOURISM - SKOPJE

# МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ „ТУРИЗМОТ ВО 21$^{ОТ}$ ВЕК“

# INTERNATIONAL SYMPOSIUM “TOURISM IN THE 21st CENTURY”

ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ - СКОПЈЕ
FACULTY OF TOURISM - SKOPJE

МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ
„ТУРИЗМОТ ВО 21-от ВЕК"

INTERNATIONAL SYMPOSIUM
„TOURISM IN THE 21ST CENTURY"

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# PROCEEDINGS

ФТС
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ - СКОПЈЕ
Република Македонија

Скопје, 26-27.09.2008

Издава:
**Факултет за туризам – Скопје**
Published by:
**Faculty of Tourism – Skopje**

За издавачот:
**Проф. д-р Аце Миленковски**
For the publisher:
**Ace Milenkovski, PhD**

| УРЕДУВАЧКИ ОДБОР | EDITORIAL BOARD |
|---|---|
| **Одговорен уредник** | **Editor in Chief** |
| Проф. д-р Михајло Будиноски | Prof. Mihajlo Budinoski, Ph. D., |
| **Уредници** | **Editors** |
| Проф. д-р Тодор Кралев | Prof. Todor Kralev Ph. D., |
| М-р Дејан Илиев | Dejan Iliev MSc |
| Марина Стојмирова | Marina Stojmirova |
| **Технички уредник** | **Technical editor managing** |
| Марина Стојмирова | Marina Stojmirova |
| Александар Стојановски | Aleksandar Stojanovski |

| **Адреса** | **Address** |
|---|---|
| Факултет за туризам – Скопје | Faculty of tourism - Skopje |
| Бул. „Партизански одреди" бр. 99 | Str. Partizanski odredi 99 |
| 1000 Скопје Р. Македонија | 1000 Skopje, R. Macedonia |

**www.fts.edu.mk**

ЦИП -Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека Св. Климент Охридски Скопје

338.46 (062)

МЕЃУНАРОДЕН симпозиум „Туризмот во 21-от век" (1; 2008; Скопје)
Зборник на трудовите / Меѓународен симпозиум „Туризмот во 21-от век"; [Уредувачки одбор Михајло Будиноски; уредници Тодор Кралев, Дејан Илиев, Марина Стојмирова] – Procedings / International symposium "Tourism in the 21st century",Skopje, 26-27-09.2008; [editor in chief Mihajlo Budinoski; editors Todor Kralev,Dejan Iliev, Marina Stojmirova]. Skopje: Факултет за туризам – Скопје, 2008. – 808 стр. : илустр. : 24 цм

Дел од трудовите на англ. јазик

ISBN 978-9989-2923-0-9

COBISS.MK-ID 73870602

**Кон Зборникот**

Како резултат од работата на прввиот Меѓународен симпозиум - Туризмот во 21 - век организиран од страна на Факултетот за туризам – Скопје, произлезе овој Зборник на трудови. Во него се наоѓаат 102 научни труда од 136 автори од Србија, Хрватска, Бугарија, Црна Гора, Грција, Кина и секако од нашата земја, кои по својата содржина го третираат прашањето на туризмот како гранка на стопанството со најголем светски раст. Овој пристап придонесе во трудовите да се обработат пет тематски целини: Туризмот и глобализацијата, Маркетинг во туризмот, Менаџмент и претприемаштвото во туризмот, Туристички дестинации и Алтернативни форми на туризмот во кои се посочени и обработени светските искуства, од кои пак се изведени проекции за развој на туризмот во Република Македонија и регионот на Балканот.

Правците и насоките кои во овие трудови се дадени преставуваат плод на силна импулсивна теоретска мисла од страна на еминентни имиња, но воедно и големо искуство од плодната практична работа на непосредни учесници во туризмот. Токму овој спој на теорија и пракса во рамките на симпозиумот треба, а се надевам и ќе биде посеан на плодна почва од која македонското туристичко стопанство ќе има најголема корист. Позитивните проекции кои се содржани во научните трудови имаат сила која треба да биде причина за примена од сите субјекти во туристичката дејност во нашата земја. Основна цел на Зборникот сепак треба да биде севкупен развој на Македонија како туристичка дестинација која ќе го најде своето место на светскиот туристички пазар.

Обемот со кој Зборникот излегува пред јавноста, укажува на потреба од постојана дејност на туристичките фактори континуирано да ги искажуваат своите сознанија, односно неминовно се наметнува потребата од заеднички напори, делувања и реализација на науката, теоријата и праксата.

На крајот сакам да изразам благодарност кон сите автори, кои со своите трудови дадоа придонес во изработка на Зборникот

26/27. 09. 2008
Скопје

Факултет за туризам - Скопје
Декан:
Проф. Д-р. Аце Миленковски

# СОДРЖИНА - CONTENS

## СЕКЦИЈА: ТУРИЗМОТ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА


1. Александар Стојмилов-Сашо Марчески: *Долгорочниот развој на туризмот презентиран преку просторниот план на Република Македонија* ..... 9
2. Михајло Будиноски-Цвета Ристовска: *Политика на развој на туризмот во Република Македонија во услови на глобализација на туристичкиот пазар* ..... 17
3. Тања Дабева: *Elaboration of the Superstructure of the Bulgarian Hotel Industry* ..... 29
4. Луканова Георгина: *Evaluation of Hotel Service-Performance Process in Bulgaria* ..... 39
5. Абдулменаф Беџети: *Економските политики во Република Македонија во поддршка на туризмот како економска гранка* ..... 47
6. Галина Тодорова: *Основни насоки за развој на туризмот во Република Бугарија* ..... 59
7. Zoran Ristić-Armenska Tanja: *The Hunting Tourism Valorization of Main Breed Species Managed by Hunting Association of Serbia* ..... 63
8. Љупчо Врангелоски: *Туризмот и културата на космополитизмот и локализмот* ..... 73
9. Вукашин Илиќ-Александар Ивановски-Саити Бујар: *Анимација во Туризмот* ..... 79
10. Athanasios Stamos: *Retrospections and development of rodian hotels* ..... 85
11. Илиевски Милан-Матлиевска Маргарита: *Туризмот во 21 век од аспект на климатските и општествени промени, иднина на туризмот и деловното право* ..... 95
12. Яна Войнова-Акулина Стефанова: *Моделиране на ферма за култивирани и диворастящи билки като туристически обект* ..... 101
13. Жанина Кировска: *Туризмот во светските текови на глобализација* ..... 109
14. Арсе Петрески: *Туризмот и глобализацијата како светски тренд* ..... 121
15. Весна Танчева: *Современи методи на работа на малите туристички агенции во услови на глобализација на туристичкиот пазар* ..... 125
16. Јелена Стајиќ-Снежана Христова: *Развојот на туризмот во функција на привлекување на странски директни инвестиции во Република Македонија* ..... 135
17. Виолета Миленковска: *Влијанието на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет* ..... 145
18. Зорица Смилевска: *Влијанието на мултилатералните договори во регионалниот туристички развој* ..... 151
19. Мишко Цидров: *Advertising industry – trends, opportunities and challenges with special emphasis on Chinese tourism* ..... 157
20. Марија Гиревска: *Предизвиците и можностите на туризмот за создавање автентични места* ..... 163
21. Симона Тасеска: *Важноста на англискиот јазик за развој на туризмот* ..... 169
22. Габриела Крстевска: *Глобализацијата и претприемачкиот туризам* ..... 177
23. Драган Димишковски: *Реминисценциите на македонската православна позиционираност кон интернационалната афирмација на Македонија* ..... 183

## СЕКЦИЈА: МАРКЕТИНГ


1. Софронија Миладиноски-Сретен Миладиноски: *Интернет маркетингот во функција на стабилен и брз развој на заедницата* ........ 195
2. Каролина Илиеска: *Интернет маркетинг – предизвик на туризмот во 21-от век* ........ 203
3. Стојан Маринов: *Стратешки цели за зајакнување на конкурентноста на Бугарија како туристичка дестинација" (Strategic goals for enhancing the competitiveness of Bulgaria as a tourist destination* ........ 213
4. Стојан Маринов-Велина Казанциева: *Improving the distribution of Bulgarian seaside holiday hotels* ........ 225
5. Маја Ќосиќ-Миленко Д. Ѓуриќ: *Relationship Marketing in the Tourist Services Sector* ........ 233
6. Мирко Трипуноски: *Потребен ни е модел на туризам без отпад* ........ 241
7. Трајче Мицески-Горан Миладинов: *Статистичка анализа и прогноза на туристичките движења во Република Македонија* ........ 249
8. Kazandzhieva Velina: *The electronic commerce in the travel agencies' activities in Bulgaria and terms of reference for its elaboration* ........ 259
9. Ana Aleksić-Bojan Zečević: *Trendovi u turizmu u svetu i njihov uticaj na kreiranje srpskog turističkog proizvoda* ........ 267
10. Снежана Андреевска Филиповска: *Улогата на патничкиот агент во бизнисот за патување и туризам* ........ 275
11. Дончо Герасимовски: *Постојни и потреба од нови статистички истражувања во областа на туризмот во Република Македонија* ........ 283
12. Слаѓана Стојановска: *Конкурентноста на Македонскиот туризам* ........ 293
13. Брикенд Азири-Јетон Мазлами: *Стратегии за остварување на конкурентност во туристичкиот сектор* ........ 301
14. Катерина Петковска-Николче Јанкуловски: *Улога на маркетинг концепцијата во хотелското работење* ........ 311
15. Јулијана Силјаноска-Моника Ангелоска: *Промоцијата и програмата за истражување на туристичкиот производ* ........ 321
16. Shan Qian: *Research on Behaviors of Government's Tourism marketing* ........ 329


## СЕКЦИЈА: МЕНАЏМЕНТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ТУРИЗМОТ


1. Тодор Кралев: *Социјална одговорност на туристичките организации* ........ 339
2. Роберт Димитровски: *Менаџментот на знаење и туризмот* ........ 345
3. Виолета Чепујноска-Ѓорѓи Чепујноски: *Реинжинеринг во туризмот преку TQM системи* ........ 353
4. Перо Петровиќ-Властимир Вуковиќ: *Современи концепти на менаџментот во туристичките компании (Contemporary concepts of management in tourist companies)* ........ 361
5. Pero Petrović-Slobodan Cerović: *The ownership structure as a corporate governance mechanism in Serbian hotels* ........ 373
6. Violeta Tošić: *Complaint management as a function of consumer behavior research in tourism* ........ 379
7. Розалина Попова – Коскарова: *Влијанието на меѓукултурните разлики во комуникацијата и туризмот* ........ 385
8. Сашо Кожухаров-Стојан Коцев: *Причинско последичните релации помеѓу информатичката и комуникациската технологија, туристичката индустрија и културното наследство во Република Македонија* ........ 393
9. Виолета М.Лашкоска-Александар Ѓуроски: *Претприемничката динамичност концептуализирана во туристичкото опкружување* ........ 401

10. Бедри Адеми: *Туристичката индустрија како семејно претпријатие: шансите и препреките* ........ 409
11. Константин Петковски-Зоран Мирчевски: *Модел на апликативното лидерство како детерминанта на квалитетна туристичка услуга* ........ 413
12. Константин Петковски-Розита Талевска Христовска: *Комуницирањето со клиентите како фактор за квалитетна туристичка услуга* ........ 421
13. Марија Зарезанкова-Потевска: *Претприемачки иницијативи во Македонскиот туризам* ........ 429
14. Радомир Цветаноски: *Поим за управување со квалитетот на услугите во туризмот* ........ 439
15. Еленица Софијанова: *Стилови на менаџирање во конфликтни ситуации* ........ 449
16. Ана Здравковска Илиевска: *Значењето од постоењето на развиен модел на односи со јавноста на туризмот во Република Македонија* ........ 455
17. Димитар Тодевски: *Капиталот и финансискиот менаџмент* ........ 463
18. Наташа Кралева: *Деловната етика во туризмот* ........ 473
19. Љубиша Николовски: *Човечките ресурси и малите претпријатија во секторот туризам* ........ 477
20. Љупчо Коскаров: *Менаџмент на културните манифестации во туризмот* ........ 483
21. Моника Марковска: *Фактори за развој на интрапретприемаштвото во туристичките организации* ........ 489
22. Виолета Стевановска: *Организациски развој на туристичките организации* ........ 493
23. Моника Марковска-Божидар Миленковски: *Претприемаштвото и иновациите во туристичките организации* ........ 497
24. Славица Петреска: *Стратегија на туристичкиот менаџмент на Крушево* ........ 501
25. Снежана Ѓорѓиева: *Организациската култура – огледало на менаџментот во туризмот* ........ 511
26. Викторија Кафеџиска: *Менаџирање на јавните односи во туризмот* ........ 515
27. Лидија Павловска-Тања Петковска: *Суштината и значењето на мисијата на една организација од обласа на туризмот како детерминанта на стратегискиот менаџмент* ........ 523
28. Сања Аџаип: *Сложеноста на партиципативното донесување одлуки* ........ 531
29. Wenfeng Xia: *The Appliaction of GIS in Tourism Management and Development* ........ 539
30. Љупчо Вчков: *Франшиза во туризмот* ........ 545
31. Валбона Морина Максут: *Сложеноста на партиципативното донесување на одлуки* ........ 553

## СЕКЦИЈА: ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ

1. Аце Миленковски – Јово Ратковиќ – Марина Стојмирова: *Создавање на постмодерни туристички дестинации* ........ 565
2. Athanasios Stamos-Saša Kicošev: *Tourism and local self-government on the Dodecanese* ........ 573
3. Изет Зеќири: *Ту ризмот во функција на економски развој на Општина Тетово* ........ 579
4. Сашко Граматниковски: *Развој на туризмот по долината на Брајчинска Река* ........ 585
5. Slobodan Leković: *Plavski dio prokletija,turizam i zaštita prirode* ........ 593
6. Радомир Стојановиќ: *Промоција на културниот туризам во Белград како туристичка дестинација" (The Promotion of Cultural Tourism on the Level of Belgrade as a Tourist Destination* ........ 603
7. Оливера Џекиќ: *Горен град низ столетија и неговиот туристички Потенцијал* ........ 611
8. Зоран Николовски: *Иднината на традиционалните туристички дестинации* .. 617
9. Саше Марчевски-Маја Чачиќ: *Развој и состојба на одржливиот туризам во Преспа* ........ 623

10. Јово Ратковиќ - Марина Стојмирова: *Туристичка валоризација на парк шумата „Водно"* ........ 633
11. Шого Млози: *Destination competitiveness: Tanzania as a tourist destination* .......... 641

## СЕКЦИЈА: АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ ВО ТУРИЗМОТ

1. Мурат Мурати: *Податоци за биодиверзитетот во Република Македонија* ....... 657
2. Ацо Гиревски: *Верски туризам – слика на патувачката црква* .......... 663
3. Violeta Tošić-Sanja Lazarević: *The role of libraries in the development of cultural tourism with special emphasis to the bibliotheca Alexandrina in Egypt* ........ 671
4. Јелена Димитријевиќ: *Еко-туризмот во Република Македонија* .......... 679
5. Соња Ризоска – Јовановска: *Визуелизација на културата – една од алтернативните форми за развој на културниот туризам* .......... 687
6. Акулина Стефанова: *Education in ecological tourism and the use of ecological educational paths* .......... 695
7. Катарина Смилков-Даринка Ѓеоргиева-Билјана Ѓорѓеска: *Нови форми на туризмот базирани на медицински сознанија* .......... 703
8. Бујар Саити-Александар Ивановски: *Опис на програмата на дневни и вечерни активности на аниматорите во хотел клубот "holidays in evia" Еретриа Р. Грција* .......... 711
9. Маријан Малцев: *Некои аспекти на спортскиот туризам* .......... 715
10. Насе Кондовски: *Туризмот и спортот феномени на 21 век* .......... 719
11. Маријан Малцев-Снежана Мироновска: *Мислење на некои некои вработен за спортскиот туризам* .......... 727
12. Марија Ацковска: *Инструментот за претпристапна помош-ИПА како средство за финансирање на развојот на руралниот туризам во Македонија* .. 731
13. Насе Кондовски: *Содржината на активниот одмор во туризмот* .......... 737
14. Јана Попоска: *Религиозниот туризам во Република Македонија* .......... 745
15. Мијалче Ѓеоргиевски: *Антропогените фактори за развој на алтернативните видови туризам во Република Македонија* .......... 751
16. Дејан Илиев: *Проблеми и перспективи во развојот на транзитниот туризам во Република Македонија* .......... 757
17. Стефанија Мирческа: *Развојот на екотуризмот во Берово* .......... 767
18. Бојан Марковски: *Спортската рекреација и анимација во современиот туризам* .......... 777
19. Иван Јовановски: *Спортскиот туризам како алтернатива и катализатор за развојот и зголемување на туристичката понуда во Република Македонија* .. 783
20. Бранислав Ристески: *Комплексните истражувања како основ за туристичка валоризација на културното наследство врз примерот на културните целини во северна Пелагонија и Мариово* .......... 787
21. Константин Кајшаров: *Менаџирање на алтернативната медицина во функција на туризмот* .......... 795
22. Наталија Марковиќ: *Нормативата во функција на ефективен туризам* .......... 899
23. Патрик Поповски: *Влијанието и улогата на спортот врз развојот на спортскиот туризам* .......... 805

# СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА И ПРОГНОЗА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДВИЖЕЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Трајче Мицески, Горан Миладинов*[1]

*Апстракт*

Статистичките податоци покажуваат дека бројот на туристите и остварените ноќевања во Република Македонија во последните 25 години покажуваат осцилаторни движења, со драстично намалување. Така ако од 1982 до 1990 година се евидентирани над еден милион туристи со над три милиони ноќевања, тогаш во периодот од 2002 до 2006 година, нивниот број се намалува повеќе од половина и изнесува околу половина милион туристи со 1,8-2,0 милиони ноќевања.

Како туристи и остварени ноќевања, статистиката ги евидентира, оние лица кои привремено престојуваат во некое место надвор од своето постојано живеалиште и таму пренокуваат, барем една ноќ, во угостителски или некој друг објект за сместување.

Во трудот се дадени табеларни и графички прикази на движењето на туристите и нивните ноќевања во Република Македонија, во последниве 25 години и нивна прогноза за блискиот нареден период.

*Клучни зборови: туристи, остварени ноќевања, тренд, статистичка анализа и прогноза.*

# STATISTICAL ANALYSIS AND PREDICTING OF TOURISM MOVEMENTS IN REPUBLIC OF MACEDONIA

*Trajce Miceski, Goran Miladinov*

*Abstract*

Statistical data shows that the number of tourists and lodgings in Republic of Macedonia in the last 25 years indicate to a state of oscillatory movements, with drastical decrease. So, if since 1982 until 1990 there were evidential over a million tourists with over of three millions lodgings, than in the period from 2002 to 2006, their number had been diminishing more than a half and its number is around a half of million tourists with 1,8-2,0 millions of lodgings.

Regarding the tourists and their realized lodgings, The Statistics has made an evidence and definition of the term "being a tourist", as those persons who temporarily reside in some place outside from its own permanent dwellings and if they make at least one overnight lodging somewhere in an catering house or some other boarding houses.

The paper shows tables and graphic figures of the tourist movements and their lodgings in Republic of Macedonia, in the last 25 years and also their projections about near future.

*Key words: tourists, nights spent, trend, statistical analysis and projection.*

## ВОВЕД

Поаѓајќи од фактот дека туризмот опфаќа збир на односи и појави поврзани со активностите на луѓето кои патуваат или престојуваат во некое место надвор од своето постојано живеалиште и пренокуваат најмалку една ноќ во угостителски или во некој друг објект за сместување, тогаш заради осознавање на динамиката на нивното движење, мора да се изврши пооделна анализа за туристите и пооделна анализа за остварените ноќевања.

[1] Проф.д-р Трајче Мицески, Асистент м-р Горан Миладинов, Униврезитет „Гоце Делчев„ Економски факултет, Штип, trajko.miceski@ugd.edu.mk, goran.mildinov@ugd.edu.mk

Анализите за последните 25 години (1982-2006) покажуваат дека бројот на туристите и остварените ноќевања во Република Македонија покажуваат осцилаторни движења, со тенденција на драстично намалување. Тоа е факт зашто, во 1982 година бројот на туристите изнесувал 1.006.104, во 1992 година 585.699, а додека во 2002 и 2006 година, нивниот број паднал на 441.712 односно 499.473.

Слични движења се забележани и кај бројот на остварени ноќевања, кои во 1982 година изнесувале 3.305.140, во 1992 година, 2.139.631, а во 2002 и 2006 година, нивниот број се намалил на 1.850.384 односно 1.917.395.

Иако за намалувањето на бројот на туристите и нивните ноќевања постојат бројни причини, сепак сметаме дека со добра разработена туристичка стратегија преку активна вклученост на наукат и практиката, во наредниот период има реални можности да се зголеми бројот на туристите и тој да се движи во интервал од 415.000 до 1.036.000 туристи, а бројот на ноќевањата од 1.599.000 до 3.607.000.

## АНАЛИЗА НА ВРЕМЕНСКИТЕ СЕРИИ

Иако динамиката на јавувањата на туристите и остварените ноќевања како појави, во текот на временскиот не се имуни од дејствувањето на голем број на фактори, кои можат да бидат од суштествена, сезонска, циклична или случајна природа, сепак заради нивно појасно согледување ќе се изврши анализа преку табеларен и графички приказ, со оодредување на основната, трајната тенденција на развитокот на појавите.

Табела 1. Број на туристи во Р. Македонија во периодот 1982-2006 година (во 000)

| години years | Број на туристи Number of tourists | | |
|---|---|---|---|
| | вкупно total | домашни domestic | странски foreign |
| 1982 | 1006 | 440 | 566 |
| 1983 | 985 | 466 | 519 |
| 1984 | 1059 | 475 | 584 |
| 1985 | 1142 | 483 | 659 |
| 1986 | 1181 | 509 | 672 |
| 1987 | 1183 | 494 | 689 |
| 1988 | 1111 | 466 | 645 |
| 1989 | 1032 | 442 | 590 |
| 1990 | 975 | 412 | 562 |
| 1991 | 710 | 416 | 294 |
| 1992 | 586 | 367 | 219 |
| 1993 | 648 | 440 | 208 |
| 1994 | 613 | 428 | 185 |
| 1995 | 504 | 357 | 147 |
| 1996 | 476 | 340 | 136 |
| 1997 | 452 | 331 | 121 |
| 1998 | 575 | 418 | 157 |
| 1999 | 550 | 369 | 181 |
| 2000 | 633 | 409 | 224 |
| 2001 | 333 | 234 | 99 |
| 2002 | 442 | 319 | 123 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2003 | 483 | 325 | 158 |
| 2004 | 465 | 300 | 165 |
| 2005 | 510 | 312 | 197 |
| 2006 | 500 | 297 | 202 |




Сл.1. Број на туристи во Р. Македонија во периодот 1982-2006 година (во 000)

Од табеларниот и графичкиот приказ на динамиката на туристите во временскиот дваесетипет годишен перид, јасно се гледа дека нивниот развиток од година во година осцилира со благ пораст и стагнација во пооделни години, но со драстичен пад во целиот анализиран период. Падот е особено изразен кај странските туристи.

Табела 2. Број на остварени ноќевања на туристи во Р. Македонија во периодот 1982-2006 (во 000)

| години years | Број на ноќевања Number of nights spent | | |
|---|---|---|---|
| | вкупно total | домашни domestic | странски foreign |
| 1982 | 3305 | 2238 | 1067 |
| 1983 | 3334 | 2336 | 998 |
| 1984 | 3300 | 2222 | 1078 |
| 1985 | 3707 | 2259 | 1449 |
| 1986 | 3907 | 2446 | 1461 |
| 1987 | 3978 | 2426 | 1552 |
| 1988 | 3735 | 2318 | 1417 |
| 1989 | 3523 | 2175 | 1348 |
| 1990 | 3100 | 1929 | 1171 |
| 1991 | 2740 | 2164 | 576 |
| 1992 | 2140 | 1757 | 382 |
| 1993 | 2706 | 2344 | 363 |
| 1994 | 2477 | 2141 | 336 |
| 1995 | 1804 | 1529 | 276 |
| 1996 | 1700 | 1420 | 277 |
| 1997 | 1587 | 1322 | 266 |
| 1998 | 2426 | 2067 | 360 |
| 1999 | 2313 | 1839 | 474 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2000 | 2435 | 1941 | 494 |
| 2001 | 1255 | 1042 | 213 |
| 2002 | 1850 | 1576 | 275 |
| 2003 | 2007 | 1661 | 346 |
| 2004 | 1866 | 1505 | 361 |
| 2005 | 1970 | 1527 | 443 |
| 2006 | 1917 | 1475 | 443 |




Слика 2. Број на остварени ноќевања на туристи во Р. Македонија во периодот 1982-2006 (во 000)

Исто така од табеларниот и графичкиот приказ на остварените ноќевања во анализираниот пероид, јасно се гледа дека нивниот развиток покажува пораст од 1982 до 1988 година, а од 1989 година до 2006 година покажува драстичен пад со благи порасти во поодделни години. И овде падот е особено изразен кај странските туристи до 2001 година, а потоа се забележува благ пораст од година во година.

ОДРЕДУВАЊЕ НА ТЕНДЕНЦИЈАТА НА РАЗВИТОК-ТРЕНДОТ

Тргнувајќи од фактот дека конкретниот обем или нивото на развиток, на една општествено – економска појава во одреден временски период зависи од влијанието од суштествени и случајни фактори односно причинители, тогаш несомневно е дека и врз динамиката на развиток на туристите и нивните ноќевања, нивното влијание е доста изазено

Суштествените фактори перменентно дејствуваат во сите периоди и фази низ кои врви појавата и го определуваат основниот насока на развојна тенденција на појавата на долг рок и всушност, таа претставува основна компонента на временската низа - долгорочна развојна тенденција на појавата, така наречена тренд.

Бидејќи развитокот на бројот на туристите, а исто така и развитокот на остварените ноќевања од година во година се одликува со многу посилни интензитети на намалување или пораст, тогаш како метод за откривање на нивните развојни тенденции ќе го примение експоненцијалниот тренд.

Експоненцијалниот тренд се оценува преку експоненцијалната функција:

$$y_c = a \cdot b^x$$

Добиените вредности за долгорочна развојна тенденција на набљудуваните појави, ќе ги прикажеме табеларно (Табела 3 и 4) и графички (Слика 3 и 4)

Прикажаната состојба на драстично намалување на бројот на туристите (Табела 3 и Графикон 3), а исто така и на остварените ноќевања, во овој период (Табела 4 и Графикон 4), сметаме дека се должи пред сé од влијанието на нередовните фактори кои ја зафатија нашата земја како што беа: распадот на бившата југословенска заедница, транзицијата, внатрешнните конфликти во 2001 година, постоење на политички ризик во размислувањата на странките туристи итн.

Табела 3. Динамика и тенденцијата на развиток на бројот на туристите во Р.Македонија

| години years | Број на туристи Number of tourists | | |
|---|---|---|---|
| | Апсолутни јавувања ( Absolute occurances ) y | Прочистени вредности ( Pure values ) yc | $(y\text{-}yc)^2$ |
| 1982 | 1006 | 1.189 | 33364 |
| 1983 | 985 | 1.136 | 22734 |
| 1984 | 1059 | 1.085 | 689 |
| 1985 | 1142 | 1.037 | 11031 |
| 1986 | 1181 | 991 | 36162 |
| 1987 | 1183 | 947 | 55810 |
| 1988 | 1111 | 905 | 42585 |
| 1989 | 1032 | 864 | 28092 |
| 1990 | 975 | 826 | 22219 |
| 1991 | 710 | 789 | 6272 |
| 1992 | 586 | 754 | 28253 |
| 1993 | 648 | 721 | 5262 |
| 1994 | 613 | 688 | 5698 |
| 1995 | 504 | 658 | 23671 |
| 1996 | 476 | 629 | 23283 |
| 1997 | 452 | 601 | 22089 |
| 1998 | 575 | 574 | 1 |
| 1999 | 550 | 548 | 3 |
| 2000 | 633 | 524 | 11886 |
| 2001 | 333 | 501 | 28112 |
| 2002 | 442 | 478 | 1324 |
| 2003 | 483 | 457 | 670 |
| 2004 | 465 | 437 | 797 |
| 2005 | 510 | 417 | 8585 |
| 2006 | 500 | 399 | 10246 |
| ∑ | **18.154** | **18.154** | **428.839** |




Слика 3. Динамика и тенденцијата на развиток на бројот на туристите во Р.Македонија

Од табелата 3 и графиконот 3 се забележува драстично намалување на бројот на туристите во Р.Македонија.Најголем број на туристи е забележан во 1987 година од 1183000,а најмал број  во 2001 година од 333000 туристи. Односно нивниот просечен број (нивната аритметичката средина) изнесува 726 туристи годишно.

Екстраполација на регресијата односно проценката на идниот развиток на појавата, за тоа колкав број на туристи може да се очекува во наредниот период, ќе извршиме само преку динамиката и развитокот на појавата во последните пет години (2002-2005), исто така со експоненцијален тренд.

Табела 3-1. Динамика и тенденцијата на развиток на бројот на туристите во Р.Македонија

| години years | Број на туристи Number of tourists | | |
|---|---|---|---|
| | Апсолутни јавувања ( Absolute occurances ) y | Прочистени вредности ( Pure values) yc | $(y\text{-}yc)^2$ |
| | | | |
| 2002 | 442 | 451 | 110,36 |
| 2003 | 483 | 465 | 277,62 |
| 2004 | 465 | 480 | 243,16 |
| 2005 | 510 | 494 | 216,53 |
| 2006 | 500 | 509 | 108,69 |
| **n = 5** | **2.400** | | **950,91** |
| 2008 | | 541 | |
| 2009 | | 557 | |
| 2010 | | 574 | |




Слика 3-1. Динамика и тенденцијата на развиток на бројот на туристите во Р.Македонија

Преку претходно применетото оптимистичко сценарио и пресметаниот интервал на доверба, со ризик на грешка од 0,05 (или 5%) односно со праг на случајност од 0,95 (или веројатност 95%), може да се очекува дека просечниот број на туристи во 2008 година ќе се наоѓа во интервал од 484000 до 597000 туристи, во 2009 од 501000 до 614000, а во 2010 од 517000 до 630000 туристи, со исклучување на евентуални нередовни фактори.

Исто така и од табелата 4 и сликата 4 се забележува драстично намалување на бројот на остварените ноќевања на туристите во Р.Македонија. Најголем број на остварени ноќевања е забележан во 1987 година од 3978000, а најмал број во 2001 година од 1255000 ноќевања. Односно нивниот просечен број изнесува 2603 просечно годишно остварени ноќевања.

Табела 4. Динамика и тенденцијата на развиток на остварените ноќевања во Р.Македонија

| години years | Број на ноќевања Number of lodgings | | |
|---|---|---|---|
| | Апсолутни јавувања ( Absolute occurances ) y | Прочистени вредности ( Pure values ) yc | (y-yc)² |
| 1982 | 3305 | 3.849 | 296280 |
| 1983 | 3334 | 3.716 | 145838 |
| 1984 | 3300 | 3.587 | 82417 |
| 1985 | 3707 | 3.463 | 59661 |
| 1986 | 3907 | 3.343 | 318418 |
| 1987 | 3978 | 3.227 | 564232 |
| 1988 | 3735 | 3.115 | 384407 |
| 1989 | 3523 | 3.007 | 266236 |
| 1990 | 3100 | 2.903 | 38893 |
| 1991 | 2740 | 2.802 | 3865 |
| 1992 | 2140 | 2.705 | 319266 |
| 1993 | 2706 | 2.611 | 8974 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1994 | 2477 | 2.521 | 1915 |
| 1995 | 1804 | 2.433 | 396119 |
| 1996 | 1700 | 2.349 | 425145 |
| 1997 | 1587 | 2.268 | 463226 |
| 1998 | 2426 | 2.189 | 56167 |
| 1999 | 2313 | 2.113 | 39949 |
| 2000 | 2435 | 2.040 | 156120 |
| 2001 | 1255 | 1.969 | 510041 |
| 2002 | 1850 | 1.901 | 2592 |
| 2003 | 2007 | 1.835 | 29576 |
| 2004 | 1866 | 1.771 | 8758 |
| 2005 | 1970 | 1.710 | 67593 |
| 2006 | 1917 | 1.651 | 70895 |
| ∑ | **65.078** | **65.078** | **4.716.581** |




Сликс 4. Динамика и тенденцијата на развиток на остварените ноќевања во Р.Македонија

И овде, проценката на идниот развиток на појавата, за тоа колкав број на ноќевања може да се очекува во наредниот период, ќе извршиме само преку динамиката и развитокот на појавата во последните пет години (2002-2005), преку експоненцијален тренд (Слика 4-1).




Слика 4-1. Динамика и тенденцијата на развиток на остварените ноќевања во Р.Македонија

Со применетото оптимистичко сценарио и пресметаниот интервал на доверба, со ризик на грешка од 0,05 (или 5%) односно со праг на случајност од 0,95 (или веројатност 95%), може да се очекува дека просечниот број на ноќевања во 2008 година ќе се наоѓа во интервал од 1722000 до 2202000 туристи, во 2009 од 1732000 до 2212000, а во 2010 од 1742000 до 2222000 ноќевања, со исклучување на евентуални нередовни фактори.

*ЗАКЛУЧОК*

Статистичките анализи за бројот на туристите и остварените ноќевања на туристите во последните 25 години (1982-2006) покажуваат драстично намалување со осцилаторни движења по години.

Најголем број на туристи и најмногу нивни ноќевања се забележани во 1982 година (бројот на туристите изнесувал 1.006.104, а бројот на остварени ноќевања, изнесувал 3.305.140).

Најмал број на туристи и ноќевања се остварени во 2001 година (333000 туристи и 1255000 ноќевања).

Ваквата состојба сметаме дека се должи пред сè од влијанието на нередовните фактори, меѓу кои посебно се манифестираа: транзицијата, внатрешнните конфликти во 2001 година, постоење на политички ризик во размислувањата на странските туристи итн.

Во наредниот период се очекува стабилизирање на состојбите и постепено зголемување на бројот на туристите, кои во подолг временски период би се движел во интервал од 443000 до 1009000, а бројот на ноќевања би се движел од 1667000 до 3540000.

ЛИТЕРАТУРА

1. Мицески Т., Миладинов Г., Пратикум по статистика, Универзитет Гоце Делчев-Штип, 2008.
2. Newbold D., Statistics for business and ecomomics, New Jerssey, 1995
3. Попоска В., Попоски Г.:Статистика,Универзитетска библиотека Св. Климент Охридски,2001
4. Сотироски К.: Статистика, Економски факултет-Прилеп, 2004
5. Статистички годишник на Р. Македонија, Државен завод за статистика, 2006.